**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Број: 08- 2741/9
од 02.10.2019 год.

Врз основа на член 123, став 1, член 126, став 1 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16, 99/18), Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по Барање бр. 23-2741/1 од 16.07.2019г. за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, од страна на Друштво за инженеринг проектирање монтажа и услуги "КЕПС МОНТ ГРОУП" ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. “Мајаковски” бр.26 Скопје-Центар, Центар оператор за Инсталација за ископ, сеење, утовар и транспорт на техногена минерална суровина (ТМС), лоцирана на локалитет “БАШ КОЛИБИ” Велес, а по спроведената постапка за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, донесува:

## РЕШЕНИЕ
***за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола***

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-Интегрирана еколошка дозвола на Друштвото за инженеринг проектирање монтажа и услуги "КЕПС МОНТ ГРОУП" ДОО Скопје, со регистрирано седиште на ул. “Мајаковски” бр.26 Скопје-Центар, Центар оператор за Инсталација за ископ, сеење, утовар и транспорт на техногена минерална суровина (ТМС), лоцирана на локалитет “БАШ КОЛИБИ” Велес, на КП 10845, КП 10848/1 и КП 10849, КО Велес.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Друштвото за инженеринг проектирање монтажа и услуги "КЕПС МОНТ ГРОУП" ДОО Скопје, при користењето и управувањето со Инсталацијата за ископ, сеење, утовар и транспорт на техногена минерална суровина (ТМС), лоцирана на локалитет “БАШ КОЛИБИ” Велес, на КП 10845, КП 10848/1 и КП 10849, КО Велес, да ги почитува сите услови и мерки утврдени во **Б-Интегрираната еколошка дозвола со бр. 08-2741/8** од **02.10.2019год.**

3. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштвото за инженеринг проектирање монтажа и услуги "КЕПС МОНТ ГРОУП" ДОО Скопје до Градоначалникот на Општина Велес поднесе Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола со бр. 23-2741/1 од 16.07.2019г. за Инсталација за ископ, сеење утовар и транспорт на техногена минерална суровина (ТМС), лоцирана на локалитет “БАШ КОЛИБИ” Велес, на КП 10845, КП 10848/1 и КП 10849, КО Велес.

Врз основа на целосен увид во Барањето констатирана е негова некомплетност и донесен е Заклучок за измена и дополнување на Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола со бр.08-2741/2 од 25.07.2019г.

Од страна на Барателот/операторот е поднесено комплетно Барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола со бр. 23-2741/3 од 13.08.2019г.

Бидејќи Барателот/операторот ги исполнува условите за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, а по претходно спроведената постапка за добивање на дозволата, согласно член 126 и член 127 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16, 99/18), Градоначалникот на Општина Велес одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение барателот може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Доставено до:

- Барателот
- Архива
- Министерство за животна средина и просторно планирање

Градоначалник
на Општина Велес

Аце Коцевски

Изготвил:
Контролирал: